ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 05/26



10.06.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

за избор на наставник на Факултет за информатика при Европскиот универзитет Скопје во сите наставно-научни звања од научна областа Телекомуникациско и информациско инженерство (2.02.00.22 Фраскатиева класификација)

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 18.05.2026 година, за избор на наставник на Факултет за информатика при Европскиот универзитет Скопје во сите наставно-научни звања од научна областа Телекомуникациско и информациско инженерство (2.02.00.22 Фраскатиева класификација), Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски универзитет Скопје, на 296-та седница одржана на ден 01.06.2026 година, донесе Одлука Бр. 02-412/2 за формирање рецензиона комисија за избор на наставник, во следниот состав:

1. Проф. д-р Томислав Цеков - претседател,
2. Нас. вон. проф. д-р Владимир Николиќ - член и
3. Проф. д-р Југослав Ачковски- член.

По направената анализа на доставените документи рецензионата комисија има чест и задоволство, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски универзитет Скопје, да го поднесе следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник на Факултет за информатика при Европскиот универзитет Скопје во сите наставно-научни звања од научна област Телекомуникациско и информациско инженерство (2.02.00.22 Фраскатиева класификација), во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Игор Бимбилоски.

Врз основа на доставената Пријава бр. 03-398/1 од 22.05.2026 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Диплома за стекнат степен/назив доктор на науки од соодветната област, список на објавени научни и стручни трудови и по 1 /еден/ примерок од истите и Уверение за државјанство, рецензионата комисија го констатира следното:

1.1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Игор Бимбилоски е роден на 15.11.1973 година во Охрид, каде и го завршува основното образование како првенец на генерација. Средното образование го продолжува на насоката математика – информатика во охридската гимназија, и го завршува како републички првак по математика во 1992 година. Истата година се

запишува на Електро-техничкиот Факултет - Скопје на насока електроника и телекомуникации, и дипломира во 1997 година со просек 8.85 на тема за мултимедијални протоколи во телекомуникациски мрежи кај проф. д-р Лилјана Гавриловска. Во 2009 година на истиот факултет магистрира на темата за телекомуникациски менаџмент под менторство на проф. д-р Александар Ристески, каде подоцна ја запишува и докторската теза „Модел на информатичко-телекомуникациски систем за подобрување на енергетската ефикасност".

Д-р Игор Бимбилоски има 25 годишно работно искуство во сферата на телекомуникациите и менаџментот. Кариерата ја започнува во Агенцијата за цивилно воздухопловство, а ја продолжува во Македонски Телекомуникации во Охрид како инженер за пристапна мрежа. Продолжува како инженер за Cisco мрежи, а потоа работи во интернет провајдерот МТнет во Скопје како продажен инженер. Менаџерската кариера ја започнува како Генерален Директор на ЛИНК Телеком во 2001 година, а во 2003 година станува Менаџер на проектот за трансформација и либерализација во Македонски Телеком. Во 2005 година станува член на кабинетот на генералниот директор, одговорен за маркетинг и продажба, а во 2006 година се приклучува на Бордот на директори како неизвршен член. Во 2008 година е именуван за извршен директор за стратегија и развој на Македонски Телеком, а во 2014 година е назначен на истата позиција во Телеком Албанија, која функција ја извршува до 2018 година. Работел и за американската компанија за сателитски услуги Визоком, како и Генерален Директор на Телелинк Албанија, генерален директор на Промедика – Скопје, директор во Елтекник – Тирана, и Директр на ССК Балкан. Моментално е ангажиран како консултант во рамки на ЕУ проектот за дигитализација на здравството и поседува сопствена фирма за образование, истражувања и консултинг – Лотус ИБМ. Во текот на својата кариера посетувал повеќе од 20 професионални обуки и имал свои излагања на повеќе бизнис конференции и настани.

Паралелно со образованието и професионалната кариера, д-р Игор Бимбилоски е активен и во општествениот живот како и во коморските активности во Македонија, при што во периодот од 2011-2014 година ја извршува функцијата Претседател на македоската комора за информатички технологии – МАСИТ.

Последните години, се посветува на работа на теми околу својата докторска дисертација, која третира општо препознатлива тема за климатските промени и енергетската ефикасност, и улогата на информатичко-телекомуникацискатa технологија, при што објавува над 15 научни трудови.

1.2. Наставна и научна дејност

Кандидатот д-р Игор Бимбилоски, својата посветеност на науката ја покажува уште во основното образование, каде постигнува значителни резултати во областа на математиката, и е еден од преставниците на Р. Македонија на математичките олимпијади во СФРЈ. Основното образование го завржува како еден од трите најдобри математичари во Р. Македонија, а воедно и како првенец на генерација во Охрид. Во средното образование постигнува исти резултати, и го завршува како првак по математика на Р. Македонија, а учествува на повеќе од 20 домашни и меѓународни натпревари по математика и информатика. Студиите ги продолжува на електро-техничкиот факултет во Скопје, каде ги завршува и магистерските и докторските студии.

После докторирањето, во 2019 година започнува да работи како насловен доцент на Факултет за информатика во состав на Европски универзитет Скопје, каде и моментално работи со истото звање.

Во рамките на образованието, издава 16 трудови од телекомуникациската област, и тоа:

- Igor Bimbiloski, "Signal processing with artificial neural networks", 5th conference of Society for Electronics, Telecommunications, Automation, and Informatics, ETAI 2000, Ohrid, Macedonia, 2000.
- Igor Bimbiloski, "4P+4I as a new functional concept for incumbent operators", 16th Telecommunication Forum, TELFOR, Belgrade, Serbia, December 2008.
- Igor Bimbiloski, "Media market – new battle for telecom operators", 9th Multi-Conference ETAI-AAS-DECOM 2009, Ohrid, Macedonia, September 2009.
- Игор Бимбилоски, Александар Ристески, "Предлог-концепт за подобрување на енергетската ефикасност со употреба на паметни телефони и вештачки невронски мрежи", Меѓународна конференција ЕТАИ 2018, Струга, Македонија, Септември 2018.
- Igor Bimbiloski, Aleksandar Risteski, "Modeling of Customer Centric Energy Efficiency System with Mobile Technology and Artificial Intelligence", International Congress ENAR 2018, Antalia, Turkey, November 2018.
- Igor Bimbiloski, Aleksandar Risteski, "Model for Energy Efficiency Improvement by using Mobile Technologies and Iot", Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 3, No. 1-2, FEEIT Skopje, December 2018.
- Igor Bimbiloski, Aleksandar Risteski, "ICT and Game Theory Models for Energy Efficiency with IoT, AI and Blockchain Perspectives", Invited keynote lecture, 2nd International Conference on Energy Research, Marmaris, Turkey, April 2019.

- Igor Bimbiloski, Aleksandar Risteski, "Matching Economic and Enviromental Aspects of Energy Efficiency in Single ICT Model", 16th International Conference on Informatics and Information Technologies, Mavrovo, Macedonia, May 2019.
- Igor Bimbiloski, Aleksandar Risteski, "Matching Competitive and Cooperative Game Theory in single ICT Model for Energy Efficiency", 3rd International Balkan Conference on Communications and Networking, BalkanCom 2019, Skopje, Macedonia, June 2019.
- Igor Bimbiloski, Valentin Rakovic, Anis Sefidanoski, Aleksandar Risteski, "Competitive Game Theory Approach of Energy Efficiency ICT Model in Multiplayer Market", 18th IEEE International Conference on Smart Technologies, EUROCON 2019, Novi Sad, Serbia, July 2019.
- Igor Bimbiloski, Valentin Rakovic, Aleksandar Risteski, "Providers and Consumers Mutual Benefits in Energy Efficiency Model with Elements of Cooperative Game Theory. In: Poulkov V. (eds) Future Access Enablers for Ubiquitous and Intelligent Infrastructures, FABULOUS 2019, Lecture Notes of the Institute for Computer Sciences, Social Informatics and Telecommunications Engineering, Vol. 283, Springer, September 2019.
- Igor Bimbiloski, Aleksandar Risteski, "Aplication of ICT model and Game Theory in Consumer Behaviour Change System for Improved Energy Efficiency", 11th Conference of CIGRE - Macedonian Committee on Large Electric Systems, Ohrid, Macedonia, October 2019.
- Vladimir Nikolikj, PhD, Stojan Kitanov, PhD, Igor Bimbiloski, PhD, "GUARANTEED QOS PROVISIONING BY SENSIBLE RADIO SHARING IN ADVANCED MULTI-RAT BASED MOBILE NETWORKS", International Journal of Science and Arts IDEA, European University – Skopje, 2022
- Paunovski, I., Valentina, A., Bimbiloski, I. (2025): "Towards a smarter future: Framework for sustainable smart city solutions". Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 10, No. 1 pp. 25-34 (2025), In print: ISSN 2545–4250, On line: ISSN 2545–4269
- Ass. Prof. Igor Bimbiloski, PhD, Assoc. Prof. Vladimir Nikolikj, PhD, Ivo Paunovski, PhD, "ART – The 7th Force of Smart City", IDEA International Jpournal of Science and Art, European University Skopje, 2025
- Ass. Prof. Igor Bimbiloski, PhD, Assoc. Prof. Vladimir Nikolikj, PhD, Ivo Paunovski, PhD, "Strategic Leadership and Digital Transformation in Creative Industries", IDEA International Jpournal of Science and Art, European University Skopje, 2025

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходната анализа на биографијата, професионалниот развој и постигнатите резултати во областа на стручната, научната и истражувачката работа на д-р Игор Бимбилоски, како и прегледот на неговите објавени и рецензирани трудови, може да се заклучи дека кандидатот има изразит и успешен напредок во наставната, научно-стручната и педагошката сфера. Презентираните научни и стручни резултати ја потврдуваат неговата посветеност и професионализам. Следствено, рецензионата комисија изразува особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Европскиот универзитет Скопје да го избере д-р Игор Бимбилоски за наставник во наставно-научно звање **ДОЦЕНТ** во областа „Телекомуникациско и информациско инженерство" (2.02.00.22-Фраскатиева класификација).

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1) **Проф. д-р Томислав Џеков - претседател** _____

2) **Нас.Вон.Проф. д-р Владимир Николиќ - член** _____

3) **Проф. д-р Југослав Ачковски- член** _____